494. **Одлука** за измена на Одлуката за условите под кои резидентите при работењето со нерезиденти можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари........................................ 18

495. **Одлука** за Годишна сметка на Народна банка на Република Македонија за 2003 година............................................ 18

**Исправка** на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија 18

**Објава** за просечната месечна нето плата по работник за месец април 2004 година...................................................... 19

**Објава** за трошоците на живот за месец април 2004 година во однос на месец март 2004 година.............................. 19

**Движење** на цените на мало во Република Македонија за месец април 2004 година........................................... 19

**Меѓународни договори**....................... 1-48

**Огласен дел**............................................ 1-92

**471.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 1 од Уставот на Република Македонија, вршителот на функцијата претседател на Република Македонија и претседател на Собранието на Република Македонија, издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 мај 2004 година.

Бр. 07-1932/1
4 мај 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
Претседателот
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Член 1

Во Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2002 и 17/2003), во членот 10 став 2 зборот „две“ се заменува со зборот „пет“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ I
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR TË DREJTAT E VEÇANTA TË PJESËTARËVE TË FORCAVE TË SIGURIMIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE ANËTARËVE TË FAMILJEVE TË TYRE

Neni 1

Në Ligjin për të drejtat e veçanta të pjesëtarëve të forcave të sigurimit të Republikës së Maqedonisë dhe anëtarëve të familjeve të tyre (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 2/2002 dhe 17/2003), në nenin 10 paragrafi 2 fjala “dy” zëvendësohet me fjalën “pesë”.

Neni 2

Ky Ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

**472.**

Врз основа на член 19 став 1 точка 7 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.05.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА СИЛИ НА ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА ШТО ГИ ФОРМИРА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА МЕЃУНАРОДНАТА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ВЕЖБА ВО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

1. Со оваа одлука се испраќаат сили на цивилната заштита што ги формира Република Македонија, за учество во меѓународната мултилатерална вежба „СМЕРЕХ 04“ (во натамошниот текст: Вежбата), која ќе се одржи во периодот од 29.05. до 03.06.2004 година, во градот Кржали - Република Бугарија.

2. Вежбата се изведува на тема „Терористички напад на фабрика за производство на олово и цинк и висока брана“.

3. Вежбата ќе ги опфаќа следните содржини:
- спасување на луѓе од поплави;
- пружање на прва помош на повредени лица;
- згрижување на загрозено и настрадано население;
- деконтаминација на теренот;
- асанација на теренот.

4. На Вежбата ќе учествуваат 2 (две) одделенија за спасување и премин преку вода, со 15 (петнаесет) припадници на цивилната заштита, 1 (една) екипа за прва медицинска помош од 3 (три) припадници на цивилната заштита и 1 (еден) тим за организациски работи и поддршка во состав од 5 (пет) учесници.

5. Финансиските трошоци за учесниците на вежбата паѓаат на товар на Министерството за одбрана.

6. Подготовките и организацијата на учесниците во Вежбата ќе го изврши Министерството за одбрана.

7. По завршувањето на активностите од Вежбата Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1576/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**473.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03) и член 8 став 3 од Законот за концесии (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/02 и 24/03), Владата на Република Македонија, на предлог на Советот за радиодифузија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

1. Се дава согласност за промена на сопственичката структура на концесионерот Трговското радиодифузно друштво “Мега Радио“ Шулевски ДООЕЛ Скопје, односно за пристапување на содружниците: Александар